

# МИРКО ВУЈИСИЌ

## ГРАФИКИ

# Подсвеста во графичкото творештво на Мирко Вујисиќ

Експонатите на **Мирко Вујисиќ** студиозно ја одсликуваат внатрешната енергија на авторовата индивидуа. Доминантна е фигурацијата согледана и претставена од повеќе аспекти. Во повеќе дела таа е поставена во преден план, а како пропратни елементи се јавуваат симболи на внатрешно доживување поставени во апстрактен или геометриски контекст. Во помал број дела каде фигурата само се насетува (поставена во втор план), доминантно е чувството на асоцијативни ритмови и движења во кои авторот внесува нагласена редуцираност на формите, додека композицијата со сите ликовни елементи оддава чувство на лирско-апстрактни асоцијации.

Чистината на контрастот на светло-темните површини најповеке доаѓа до израз низ графичките техники, така што неговата техничка перфекција најдобро ја одразуваат техниките бакрорез и сува игла во комбинација со акватинта.

Главна карактеристика во делата на Мирко Вујисиќ претставува внатрешниот, духовен импулс на подсвеста поврзан со длабоко емотивни обмислувања за соодветната трансформација. Делата кои не се директно поврзани со фигурата исто така претставуваат одраз на психичките (духовни) доживувања, кои низ симболични комбинации ги достигнуваат астралните аури на свеста.

Изложбата во целина претставува момент на црно-бели отсликувања на одредена визија каде техничката графичка изведба има приоритетна функција во оформувањето на ликовниот ракопис кој, неоекспресионистички поставените фигурации ги комбинира со апстрактно-асоцијативни создавјќи специфичен уметнички ракопис на авторот.

Лиљана Христова





МИРКО ВУЈИСИЌ

ГРАФИКИ

**Каталог:**

1. Профил, 1990, бакропис
2. Дијалог, 1994, акватинта
3. Калиграфски запис, 1996, акватинта
4. Сенки, 1996, акватинта
5. Исчезнатиот лик, 1996, акватинта
6. Кон летен простор, 1997, бакропис, сува игла
7. Без наслов, 1997, акватинта
8. Трансформирање на флоралното, 1997, акватинта
9. Дијалог, 1997, акватинта
10. Ероика, 1997, акватинта
11. Перун, 1998, бакрорез, акватинта
12. Будење, 1998, акватинта
13. Асоцијативни ритмови, 1998, акватинта
14. Соочување, 1998, акватинта
15. Голема глава во голем простор, 1998, акватинта
16. Во огледалото, 1998, бакрорез, акватинта
17. Создавање на ликот, 1998, сува игла
18. Анфас и профил со профил, 1998, бакрорез
19. Портрет, 1998, акватинта

МИРКО ВУЈИСИЌ

ГРАФИКИ



20. Зад ридот, 1998, мецотинта
21. И небото е соучесник, 1998, акватинта
22. Астрален предел, 1998, мецотинта
23. Градот на музите, 1998, акватинта
24. Иманентна предожба на предметот, 1999,сува игла
25. Миметички бранувања, 1999, сува игла
26. Неодминлив приказ, 1999, сува игла
27. Иконична визија, 1999, сува игла
28. Од сите страни, 1999, акватинта
29. Паметење на сонот, 1999, сува игла
30. Сонот на Превер, 1999, сува игла
31. Меланхолија, 1999, мецотинта
32. Детал, 1999, сува игла
33. Артифицијален приказ, 1999, сува игла
34. Сатир, 1999, сува игла
35. Дијалог III, 2000, сува игла
36. Метафоричен портрет, 2000, бакрорез
37. Окаменета маска, 2000, акватинта
38. Трансформации I, 2000, бакрорез

# МИРКО ВУЈИСИЌ

Роден 1957год. во Прилеп. Завршил училиште за применета уметност во Скопје 1977год., а во 1979год. дипломирал на Виша Педагошка Академија во Скопје. Во 1984год. дипломирал на ФЛУ (прва генерација) - оддел за графика, во класата на проф. Драгутин Аврамовски-Гуте. 1989год. магистрирал на ФЛУ во Белград, оддел графика, кај проф. Небојша Радојев.
Работи како доцент на ФЛУ Скопје, на графички оддел.

Во 1990 година користи стипендија "Моша Пијаде" за студиски престој во Париз.

Самостојни изложби: 1976-Скопје, 1986-Скопје, 1998-Врање, 1998-Куманово, 1999-Скопје. Учествувал на бројни меѓународни групни изложби на графика: Битола, Белград, Сараево, Лесковац, Цетиње, Ужице, Смедерево, Варна, Анкара, Канагава, Р.Словачка..... како и во неколку градови ва Австралија и САД.

Добитник е на повеќе награди и признанија од кои три се меѓународни.

адреса: ул. Јане Лукровски 5, 1/26
91000 Скопје
тел.: 091/174 096

Организатор: **Завод, Музеј и Галерија** - Битола
За организаторот: Иван Јолевски
Комесар на изложбата: Лилјана Христова
Компјутерска обработка и печат: Печатница "**ГУТЕНБЕРГ**" Битола

# МИРКО ВУЈИСИЌ





МИРКО ВУЈИСИЌ

## ГРАФИКИ









УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА - БИТОЛА

9-25 ЈУНИ 2000